Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Управата за јавни приходи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 81/05 и 81/08), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И НА ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ДАНОЧЕН ИНСПЕКТОР

(Објавен во “Службен весник на Република Македонија” бр. 64/09)

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на даночен инспектор.

## Член 2

(1) Образецот на службената легитимација на даночен инспектор се печати на бездрвна хартија со сиво-црвена боја, со димензии 6х9 см, заштитен со пластична фолија.

(2) На предната страна образецот на службената легитимација на даночен инспектор содржи натпис: Република Македонија, Министерство за финансии, УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ, СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА, ДАНОЧЕН ИНСПЕКТОР. Логото на Управата за јавни приходи е содржано во горниот лев агол, а во горниот десен агол е содржан сериски број. Во средината, има место за фотографија со димензии 2,5х3 см, а под неа се впишуваат податоците за: името и презимето на даночниот инспектор со своерачен потпис, регистарски број на легитимацијата, датум на издавање, потпис на директорот на Управата за јавни приходи и место за печат.

(3) Задната страна на образецот ги содржи грбот на Република Македонија и овластувањата на даночниот инспектор согласно Законот за даночна постапка и Законот за Управата за јавни приходи, низ кој е втиснато логото на Управата за јавни приходи.

(4) Образецот на службената легитимација на даночен инспектор е даден во прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Службената легитимација на даночниот инспектор ја издава директорот на Управата за јавни приходи.

## Член 4

Службената легитимација на даночен инспектор се одзема во следните случаи:

- при суспендирање на даночниот инспектор, се додека трае причината за суспендирањето,
- при престанок на службеното својство на даночен инспектор и
- при престанок на работниот однос на даночниот инспектор.

**Член 5**

(1) Во случај на губење на службената легитимација, даночниот инспектор ја известува Управата за јавни приходи - Генерална дирекција - Скопје и ја огласува за неважечка на сопствен трошок.

(2) Во случаите од став (1) на овој член на даночниот инспектор му се издава нова службена легитимација.

**Член 6**

Службената легитимација на даночен инспектор се заменува со нова кога заради оштетување ќе стане неупотреблива.

**Член 7**

Службените легитимации на даночен инспектор кои се одземени во случаите од член 4 алинеи 2 и 3 на овој правилник и заменетите службени легитимации на даночен инспектор се поништуваат.

**Член 8**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на даночен инспектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06).

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 20-11887/9
11 мај 2009 година
Скопје

**Министер,**
**Д-р Трајко Славески, с.р.**